ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-4891/7
Дата, Data 27-06-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-н од Законот за јавни претпријатија, член 32 став 1 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Интерниот оглас бр.6/2025 година арх.бр.0401-4891/2 од 17.06.2025 година за унапредување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Директорот на ЈП Водовод и канализација донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по Интерен оглас бр.6/2025

**Член 1**

Од пријавените кандидати на Интерниот оглас објавен на ден 17.06.2025 година, за унапредување на давател на јавна услуга за 1 (еден) извршител на работно место КДР0305Б03002 Груповодител во Пункт (Лисиче) во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор „Водовод" – 1 извршител:

**Бојан Тодоровски**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведена постапка од страна на Комисијата за селекција и унапредување на даватели на јавни услуги арх.бр.0401-4891/5 од 25.06.2025 година и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција и унапредување на даватели на јавни услуги арх.бр.0401-4891/6 од 26.06.2025 година, по Интерниот оглас бр.6/2025 од 17.06.2025 година за унапредување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од член 1 на оваа одлука по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката, за што ке се донесе решение за унапредување.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до избраниот кандидат и да се објави на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Барање за објавување на интерен оглас за унапредување на даватели на јавна услуга арх.бр.0401-4891/1 од 17.06.2025 година од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, на ден 17.06.2025 година на огласната табла на претпријатието се објави Интерен оглас бр.6/2025 за унапредување на даватели на јавна услуга на неопределено време за работното место КДР0305Б03002 Груповодител во Пункт (Лисиче) во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор „Водовод“. На интерниот оглас аплицираше 1 (еден) кандидат.

Комисијата за селекција и унапредување на даватели на јавни услуги по интерниот оглас бр.6/2025 на ден 25.06.2025 година изврши проверка на внесените податоци во пријавата од кандидатот со условите предвидени во огласот и проверка на приложените документи, како и увид во персоналното досие на кандидатот. По извршената проверка комисијата констатира дека:

Пријавата бр.0401-4891/3 од 19.06.2025 година доставена од давателот на јавна услуга Бојан Тодоровски, е уредна.

На ден 26.06.2025 година Комисијата за селекција и унапредување на даватели на јавни услуги одржа состанок заради спроведување на Фаза 2 – Интервју, по Интерниот оглас бр.6/2025 објавен на ден 17.06.2025 година на огласна табла во претпријатието за работното место КДР0305Б03002 Груповодител во Пункт (Лисиче) во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор „Водовод“, за унапредување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејност и на други

дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација -Скопје.

Комисијата по спроведеното интервју изготви Записник арх.бр.0401-4891/6 од 26.06.2025 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидатот со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот за унапредување за работното место КДР0305Б03002 Груповодител во Пункт (Лисиче) во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Исток во Сектор „Водовод“ – 1 извршител да се избере кандидатот: Бојан Тодоровски.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Именованиот
- Сектор Човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор
м-р Тони Миновски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • NDËRMARJA PUBLIKE UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP

Изработил:Љубица Дургутовска
Одобрил:Горан Михајлов